ПЛАТФОРМА на граѓански организации за борба против корупцијата

БЛУПРИНТ ГРУПА за реформи во правосудството

До: Судски совет на Република Северна Македонија

Предмет: Номинација на членови во комисијата за спроведување на избори за членови на Судски совет

Платформата на граѓански организации за борба против корупција и Блупринт групата за реформи во правосудството, Ве известуваат дека не номинираа предлог член и негов заменик на Комисијата за спроведување на избори за членови на Судскиот совет од редот на судиите, а по основ на распишаниот јавен повик согласно член 14 од Законот за Судски совет на РСМ.

Во изминатиот период, Блупринт групата и Платформата, побараа оставки од сите членови на Советот. Причината беше несоодветното и незаконско постапување на Судскиот совет, во претходниот период, со што ја загуби легитимноста да биде тело кое ќе ја штити судската независност, ќе го унапреди угледот на судскиот систем во јавноста и ќе гарантира отчетност и квалитет во работата на судиите.

Граѓанските организации ценат дека поднесените оставки на двајца членови не се доволни за да го вратат загубениот легитимитет, а изборот на двајца нови членови на Судскиот совет нема да ја смени перцепцијата за досегашното постапување на овој состав на Судскиот совет и со тоа нема да ги исполнат во целост нашите очекувања.

Граѓанските организации остануваат на ставот дека единствен начин за надминување на состојбите предизвикани со незаконското работење на Судскиот совет е доколку и останатите членови поднесат оставки и доколку се иницира унапредување на транспарентноста, отчетноста и инклузивноста во процесот за избор на нови членови на Советот. Ова е потребно со цел да се врати легитимитетот и интегритетот на Судскиот совет како тело кон судиите, а уште повеќе кон граѓаните.

Скопје, 23 јуни 2023 година

**Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата**

**Блупринт група за реформи во правосудството**